03.08., 2021 година

АРХИВСКИ БРОЈ 109 - 185/3

Врз основа на член 60 и член 61 став (1) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање на јавно овластување**

1. Се овластува лабораторијата во состав на **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“** Скопје, **Земјоделски институт – Скопје** за чување и одржување на референтни примероци од семенски и саден материјал од земјоделски растенија.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Врз основа на член 60 став (5) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија за распишување на јавен конкурс за давање на јавно овластување на лаборатории за чување и одржување на референтни примероци со решение бр.109-19/1 од 29 јануари 2021 година.

Комисија за распишување на јавен конкурс за давање на јавно овластување на лаборатории за чување и одржување на референтни примероци објави јавен конкурс на 08.07.2021 година на web страната на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

По разгледување на доставената документација, Комисијата состави Записник бр.109-19/2 од 27.07.2021 година за разгледување на документација по Јавен конкурс за доделување на јавно овластување на лаборатории за чување и одржување на референтни примероци од семенски и саден материјал од земјоделски растенија во ген банка.

Комисијата констатира дека Земјоделскиот институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, ги исполнува условите утврдени во членот 60 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), условите утврдени со Правилникот за начинот на работа, просторната и техничката опременост на овластените лаборатории и методи за испитување на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/07 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 139/21), Правилникот за количините, начинот на чување и одржување на референтен примерок, начинот на работа на ген банката, како и висината на надоместокот според специфичните услови на чување и

одржување на референтен примерок од одделни видови земјоделски растенија ("Службен весник на Северна Република Македонија" бр. 62/20) како и условите опфатени со објавениот јавен конкурс односно дека Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Земјоделски институт – Скопје навремено, под архивски бр.109-163/3 од 15.07.2021 година доставил: Решение за упис од Централен регистар на Република Северна Македонија, Тековна состојба од Централен регистар, Диплома (копија заверена на нотар) за завршено високо соодветно образование, М1 / М2 Образец, Имотен лист за користење на деловна просторија, Изјава (заверена на нотар), Спецификација на техничката опременост на правното лице и Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна состојба.

Предвид на погоре наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на прием на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**МИНИСТЕР,**
Arjanit Hoxha

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

Доставено до:
- Архива и
  Земјоделски институт при УКМ- Скопје

Изработил: Климе Дамчески
Контролирал: Ѓорѓи Божинов
Согласен: Lutvi Akiki

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

| Примено: 04.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0306 | 572/1 | | |


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015